АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

# Известување за намера за изведување на проект Надградба на магистрален пат М-6 Штип-Струмица во автопат и спроведување Постапка за утврдување на потребата од Оцена на влијание врз животната средина

1. Информации за Инвеститорот


Агенција за државни патишта
Ул. Даме Груев бр.14, Скопје
Тел: 3188044, Факс: 3220535
www.roads.org.mk
Лице за контакт: Сашка Богданова
Тел: 3118044, лок.154
Е-маил: saska@roads.org.mk


Агенцијата за државни патишта – Скопје има намера да изведе проект за надградба на магистралниот пат М-6 Штип-Струмица во автопат.

2. Карактеристики на проектот

Согласно  Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата од спроведување на постапката за утврдување на потребата од од оцена на влијанието врз животната средина (Сл.Весник на РМ бр.74/2005), изведбата на ваков тип проекти подлежи на задолжително изготвување на Студија за оцена на влијанијата врз животната средина. Предложениот проект спаѓа во Прилог 1, XI – Инфраструктурни проекти , точка 14- Изградба на автопати и магистрални патишта.

Цел на проектот е изградба на делница од Штип до Струмица.
Идниот автопат минува низ општините Штип, Радовиш, Василево и Струмица и има должина од 65,5 км.

Просторот меѓу Штип и Струмица претставува едно од просечно населените и развиени подрачја во Република Македонија. Топографски истото претставува брдско рамничарски предел.

Трасата е предвидена да поминува од Штип до Лакавица, Дамјан, Радовиш, Радичево, Струмица а теренот низ кој ќе поминува идната траса на автопатот е со различни категории.

Од Штип до клучката Лакавица е  ридчест терен, од Лакавица до Дамјан е бреговит терен, од Дамјан до Радовиш - Ињево е рамничарско ридчест терен, од Радовиш - Ињево до Радичево е рамничарски , од Радичево до Карбиново лево е рамничарски а десно е ридчест терен, Од Карбиново до Просениково е рамничарски терен.

Од Штип до Лакавица (сса 15 км) до одвојувањето на патот Р - 107 кон Неготино, просторот од левата страна на постоечкиот пат, е планирано единствено решение на идната траса. Просторот е со релативно благи падини ( во просек 10 м височина на 50 м должина).
Теренот е составен од падински наслаги во вид на песокливо прашинести глини, заглинети дробини и нивни мешавини, со ниска шумовитост. На десната страна од постојниот пат има повеќе приватни парцели, многу повеќе изградени објекти. Посебно треба да се нагласи дека на десната страна има повеќе обработливи земјоделски и култивирани површини.

Во продолжение, следните 5 км се по долината на Меденска река до населбата Дамјан. На овој дел од новата делница почвените материјали се од повисока категорија, но со мал дел приватни поседи, со малку и мали водени текови,  а морфологијата и шумовитоста се значајно по изразени.

Од населбата Дамјан до Радовиш вдолж постоечкиот пат, како и од Дамјан до Ињево, повторно теренските прилики се благи, умерено ритчести. На овој дел од патот скоро потполно се обработливи површини, а засегнати се и неколку приватни куќи.

Од Радовиш и од Ињево,  па до Радичево теренот е целосно рамничарски со обработливи површини. Од постоечкиот пат од левата страна до Карбиново е исто така целосно рамничарски со обработливи површини. По десната страна до кај Владевци теренот се смета за ридчест со шумовити предели и дел обработлива површина.

Од Карбиново до крајот на делницата, кај Просениково, теренот е потполно рамничарски и со култивирани земјоделски култури.




Предвидени се следните проектни брзини за најповолната варијанта:

- од Штип до клучката Лакавица со должина од 15 км 120 км/час,
- од клучката Лакавица до населбата Дамјан со должина од 5 км 100 км/час
- од населбата Дамјан до Струмица со должина од 37 км 120 км/час

Во студијата ќе бидат опфатени алтернативни траси (варијанти) кој се разгледувани од аспект на изводливост на работите, економски аспект и од аспект на заштита на животната средина.

Од спецификите на просторот и елементите на предложените геометриски решенија, се предвидува и варијанта, при што потезот за брзини од 100

км/час, нема да биде само 5 км, туку ќе се продолжи и ќе изнесува 14 км до клучката Ињево.

Влијанијата на проектот врз животната средина се делумно од траен, но делумно од времен карактер.

Во фаза на градба на делницата која е со ограничено времетраење, со самата работа на градежната механизација при изведување на градежните работи се очекуваат директни влијанија врз квалитетот на воздухот, водата, зголемено ниво на бучава, вибрации, прашина, трајни загуби на плодно земјоделско земјиште како и отстранување на вегетација која ќе биде вратена со рекутливација. Можни се социјални влијанија преку пренамена на земјиштето, разделување на имотот од двете страни на автопатот, но секако со изградбата на автопатот се добива побрз и поефикасен транспорт на луѓето и стоката,како и подобрување на визуелниот ефект преку вклопување на патот во природниот амбиент.

Во текот на изградбата можни се евентуални хаварии од истекување на масла и гориво од градежната механизација.

Во фаза на експлоатација на автопатот се очекуваат влијанија кои се резултат од сообраќајот: емисија на полутанти, инциденти и др. може да дојде до загадување на почвата и водите од редовно одвивање на сообраќајот по изградбата на автопатот,појава на зголемено ниво на бучава.

За да не дојде до овие загадувања ќе бидат предвидени и преземени сите неопходни мерки за сведување на негативните влијанија во дозволени граници со цел заштита на животната средина.

При реализацијата на овој проект ќе се посвети посебно внимание на максимално можно зачувување на природното, културното и историското наследство. Во близина на трасата предвидена за надградба на магистралниот пат М-6 Штип-Струмица во автопат евидентирано е природно наследство Мочарник, Споменик на културата-Предлог за заштита кој се наоѓа во Длабока Река, северно до с.Шопур. Заради разновидна фосилна фауна од долна и горна креда како ретко наоѓалиште во нашата земја, локалитетот има значаен статус на научно истражувачка дејност и едукација во доменот на стратиграфијата, палеонтологијата и палеологијата, и се тоа Проектантите и Инвеститорот го имаат во предвид при реализацијата на овој проект.
Доколку при изведба на градежните работи се дојде до нови сознанија и откритија на природно и културно наследтсво ќе се предвидат соодветни мерки за нивна заштита и соработка со соодветните институции.

Постоечката патна мрежа во регионот се карактеризира со скромна содржина. Тука се наоѓаат регионалните патишта Р-526 на излезот од Штип, Р-107 кон Лакавица на км 12, Р-606 кон Ињево и Конче на км 25 и Р-607 кон Подареш на км 44.
Што се однесува до посточки инфраструктурни објекти од интерес на трасите, тоа пред се големиот далновод во реонот на планираната акумулација Јагмурлар околу Р-526, пумпната станица за потисниот цевовод на рудникот Бучим близу Ињево и водозафатот на спојот меѓу Стара Река и Сушава.

Во почетниот дел од трасата се јавува езерото Јагмурлар. На овој дел се разгледуваат две варијанти. Од шестиот километар до долината на Маденска река трасата е еднозначно определена од левата страна на патот. Потоа се анализираат две варијанти од двете страни на реката и две подваријанти.

По коридорот од кај Радовиш анализирани се три подваријанти, сите од левата страна на постоечкиот пат по долината на Маденска река.

Комплекс на технички мерки за заштита на животната средина ги опфаќа сите мерки неопходни за доведување на негативните влијанија во дозволени граници мерки за минимизирање на одредени влијанија кои се појавени со изградбата на патот.

## Дополнителни информации

Надлежен орган за издавање на дозвола - решение за оцена на влијанијата врз животната средина е Министерството за животна средина и просторно планирање - Управата за животна средина.